Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 68, 15 октомври 2011 година

октомври 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област финансии на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 4

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Книжевност за деца” од авторот доц. д-р Јованка Денкова од Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 12

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по книжевност за деца“ од авторот доц. д-р Јованка Денкова од Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 14

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Оперативни системи – скрипта“ од авторите д-р Игор Стојановиќ и м-р Ѓорѓи Димов од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 16

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Оперативни системи – практикум со вежби“ од авторите д-р Игор Стојановиќ и м-р Ѓорѓи Димов од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Фетална анатомија и конгенитални аномалии“ од авторот насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 19

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ФЕТАЛНА АНАТОМИЈА И КОНГЕНИТАЛНИ АНОМАЛИИ“ ОД АВТОРОТ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР Д-Р ЕЛИЗАБЕТА ЗИСОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, како и Одлуката број 2502-90/9 од редовната седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 31 август 2011 година, избрани се рецензенти:

– проф д-р Глигор Димитров, вонреден професор на ФМН,
– проф д-р Никола Камчев, вонреден професор на ФМН,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „**ФЕТАЛНА АНАТОМИЈА И КОНГЕНИТАЛНИ АНОМАЛИИ**“ од авторот насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, наменет за студентите од првиот циклус на студии при Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Општи податоци***

Ракописот со наслов „ФЕТАЛНА АНАТОМИЈА И КОНГЕНИТАЛНИ АНОМАЛИИ“ од авторот насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска е наменет за изборниот предмет Фетална анатомија и малформации за студентите од првиот циклус на студии на Факултетот за медицински науки, кој според Наставната програма е предвиден да се слуша во третиот семестар. Неделниот фонд на часови изнесува 2+0+0 и носи 2 кредити. Приложениот ракопис е работен компјутерски, текстот е дополнет со повеќе слики и табели кои на многу пластичен начин го објаснуваат и илустрираат материјалот поврзан со нарушувањата во развојот на плодот и новороденото дете.

Доставениот текст потполно е подготвен во согласност со пропишаната Наставна програма за горенаведениот предмет и според барањата кои се поставуваат пред студентите во рамки на предметот, а се однесуваат на теоретската реализација на споменатата Програма.

***Обем на ракописот***

Ракописот кој е приложен за рецензија е оформен на 176 страници во А4 формат, со фонт 12, во Times New Roman со македонска поддршка. Текстот е солидно обработен со јасни прикази на одделните области на оваа интердисциплинарна област и илустрации во форма на 9 табели и 111 слики. Обемот на ракописот потполно ги задоволува потребите на предметот за кој е наменет, бројот на часови со кој е застапен и соодветната Наставна програма. Истовремено одговара и на одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Материјалот обработен во ракописот е презентиран на крајно концизен и едноставен начин и може да се констатира извонредна систематичност во презентирањето на содржините. Ракописот е систематизиран и логички поделен на шест дела (поглавја), кон кои поединечно се приложени користената литература и содржината. Овие шест логични целини редоследно ја обработуваат наставната содржина по предметот Фетална антомија и малформации. Трудот е подготвен според стандардна метологија и обработува прашања кои се однесуваат на современите знаења во областа на дисморфологијата.

На почетокот, во ***Предговорот***, авторот на ракописот ја објаснил во кратки црти идејата за обработка на овој материјал, логично ги поврзал сите научни и клинички

дисциплини кои имаат допирна точка со содржината на материјалот и ги навестил понатамошните цели и причините за приложениот редослед на изнесување на содржината.

Деталната ***содржина*** на ракописот е уредно презентирана, со јасно и логично обележување на поглавјата со наслови, а одделните делови во склоп на поглавјата како поднаслови на обработената содржина. Страниците обележани во делот *Содржина* соодветствуваат на обележувањата во ракописот.

Во ***Воведот*** (2-5 страница) се објаснува материјалот кој ќе биде обработен. Авторот првенствено обработува некои општи одредници во оваа наука, дисморфологијата. Особено се обрнува внимание на некои поими важни за разбирање на дисморфологијата, како на пример дефинициите за морфогенеза, аномалија, тератологија, дефиниција за нормална и за патолошка градба, како и процесот на раст и развој на ткивата и органите.

Во **поглавјето број 1**, ***Промени во тек на интраутериниот живот*** (6-36 страница) се опишуваат фазите во текот на бременоста, односно во интраутериниот раст и развој на плодот. Детално се објаснува разликата меѓу гестациски и ембрионални (развојни) недели, што е од големо значење за докторите во меѓусебната професионална комуникација. Во понатамошниот текст се опишуваат анатомските промени кај плодот во секоја гестациска недела одделно, групирани по триместри. Значењето на ваквиот опис на феталната анатомија е големо, бидејќи на тој начин се презентираат информации за начините на кои некои од факторите предизвикуваат нарушување на морфогенезата. Сите промени во феталниот раст и развој се поделени во трите триместри, за појаснување на осетливоста на плодот. Јасно е потенцирана секоја гестациска возраст на плодот, карактеристиките, осетливоста на влијанието на егзогените фактори, елементите според кои се проверува зрелоста соодветно.

Теоретското објаснување е поткрепено со живописни слики што го појаснуваат описот за полесно совладување и запомнување на промените кај ембрионот и фетусот во секоја гестациска недела.

**Поглавјето број 2** (37-70 страница) носи наслов ***Органогенеза по системи*** и е еден од клучните делови што даваат основа за разбирањето на нарушувањата на морфогенезата. Детално е опишан ембрионалниот развој на сите органски системи (централен нервен систем, кардиоваскуларен систем, респираторен систем, гастроинтестинален систем, урогенитален систем, мускулоскелетен систем и хематопетски систем). Органогенезата е презентирана на многу јасен начин, лесно разбирлив стил и логичен, хронолошки редослед. Со дополнителните илустрации уште повеќе се доближува текстот до читателот, се разјаснува морфогенезата, нормалниот развој на секој орган и систем, со што студентот би добил јасна претстава за фазите на развој на секој орган и периодот од развојот кога органот е највулнерабилен на влијанието на егзогените фактори кои водат до нарушување на морфогенезата и појава на аномалии. Токму содржината на ова поглавје е континуитет на нивното познавање на ембриологијата, содржина која ја слушаат во претходниот (вториот) семестар во тек на студиите.

**Поглавјето број 3** (71-91 страница) е со наслов ***Анатомија на здраво доносено новородено дете***. Познавањето на нормалната анатомија на новороденото дете е предуслов за разбирање на патолошката анатомија, појавата на аномалии и разликувањето на нормалното од отстапувањето, односно абнормалното.

Во делот за антропометриски параметри се детално опишани сите мерки на телото кои се од значење за новороденото дете, начинот на мерење на секој од антропометриските параметри и табеларно се прикажани нивните вредности. Исто така се презентирани и индексите на пропорциите на телото, што многу ретко може да се најде во литературата. Уште поголемо значење имаат овие податоци, затоа што се добиени како резултати од популацијата на Република Македонија и можат да се користат во секојдневната практика во породилиштата и развојните советувалишта. Делот каде што се опишува нормалниот изглед на здраво доносено новородено дете е од особен интерес за студентите, кои во иднина треба да диференцираат нормални пропорции од несоодвенти за возраста. Овој дел од текстот посебно детално и јасно е опишан, разборливо и лесно за аплицирање.

Посебно внимание се обрнува на редоследот на прегледот кај здравото новородено дете, кој е од клучно значење за детекција на отстапувањата. Потенцирано е дека без ваков пристап, задоцнетата детекција на родилен дефект може да води до задоцнета интервенција и потешка последица по здравјето, па и животот на децата.

Во еден дел од ова поглавје се опишува и процената на гестациската возраст, со што полека студентите се воведуваат во клиничката неонатална пропедевтика. За правилна процена на гестациската возраст предуслов е познавањето на развојот на фетусот/плодот по гестациски недели, што во детали е опишано во поглавјето 1. Нагласено е дека правилната и прецизна процена на гестациската возраст е од голема клиничка важност за групирање на новороденото дете дали е соодветно, мало или големо за дадената старост, затоа што секоја од овие категории бара посебен пристап во негата, мониторингот и евентуалната терапија. Овој дел, заедно *со табелата за морфолошка процена на гестациската возраст*, многу ќе им поислужи на студентите за разбирање на процената на зрелоста, а понатаму во клиничката практика за категоризирање на новороденото дете, затоа што таа табела е задолжителна за секое породилиште.

Во понатамошниот текст на ова поглавје се дадени нормалните параметри по секој орган и систем, редоследно како што се прегледуваат, за да може студентот полесно да ги совлада промените кои се опишани во наредните поглавја.

**Поглавјето број 4** (92-159 страница) веќе ги прикажува ***нарушувањата на морфогенезата и конгениталните аномалии.*** По содржината на преходните поглавја, студентот треба да ги има совладано сите поими за нормална морфогенеза, промени во тек на интраутериниот живот, нормалната анатомија на новороденото дете. Во овој дел од ракописот, детално и сликовито се објаснуваат сите поими од областа на тератологијата, во врска со конгениталните аномалии.

Посебен осврт се дава на причините за настанување на конгениталните аномалии, како ендогените така и егзогените. Многу реално се презентира состојбата на најчестиот начин на настанување на наомалии, а тоа е мултифакториелниот начин. Во делот за етиологија на конгениталните аномалии подетално се опишуваат сите потенцијално тератогени фактори. Во истото поглавје, во делот за поделбата на аномалиите и нивната класификација се презентирани повеќето класификации кои можат да се сретнат во клиничката практика, критериумите за секоја одделна класификација и видовите аномалии во секоја од нив. Тоа би им било особено корисно на студентите во нивното понатамошно изучување на клиничките дисциплини педијатрија, пропедевтика, интерна медицина, ортопедија и хирургија.

Во понатамошниот дел се продолжува со дефиниции и опис на минорните аномалии и е презентирана листата на минор аномалии, за појасна претстава на значењето за индивидуата. Покрај листата, презентиран е и описот на минор аномалиите, кои некогаш тешко се разликуваат од нормалните варијации. Многубројните слики даваат појасна претстава за изгледот на тие мали грешки во развојот.

Понатаму се прикажани мајор аномалиите, начините на нивното настанување, можните комбинации и значењето за пациентите. Прикажано е кои од нив можат да се коригираат со оперативни интервенции, но наведено е и кои од нив се инкомпатибилни со животот. Со тоа се презентира нивната тежина за индивидуите. Обработени се најчестите и најпрепознатливите аномалии, без непотребно навлегување во многу ретките инцидентни аномалии, кои само би го оптовариле ракописот, дел од понатамошните клинички дисциплини кои ќе се изучуваат во други наставни програми.

Во **поглавје број 5** (160-164 страница) со наслов ***Дерматоглифи*** има изнесено понов материјал, ретко обработуван, кој би требало да биде интересен за студентите. Тоа се поимите за дерматоглифи, науката дерматоглифика, основните карактеристики на дерматоглифските шари кај една индивидуа, единственоста на шарите во текот на животот, која е генетски предодредена. Дерматоглифите се претставени во врска со генетската предиспозиција за еден или друг вид на дермални шари, подложноста и осетливоиста кон истите фактори како за појавата на конгениталните аномалии, така и за нарушувањата на дерматоглифските шари и врската на конгениталните аномалии и променетите дермални шари. Дадени се интересни наоди во литературата за наследноста на типот на

дерматоглифите, сродноста на шарите кај монозиготните близнаци и значењето на доброто познавање на дерматоглификата во идентификацијата и потврдата на припадноста кон едно семејство.

**Поглавјето број 6** (165-176 страница) е како завршница на целиот редослед на изложување на материјалот. Тука се дадени практични насоки за ***Пристап кон новородено дете со идентификувана дисморфија***, односно конгенитален дефект. Многу детално се дадени сите чекори, што е од пресудно значење за правилниот опфат на новородените деца со конгенитална аномалија. Секоја фаза од обработката на новороденото дете со конгенитална аномалија е разработена детално, со цел на студентот да му се доближи значењето на правилниот пристап. Разработени се сите пет чекори: анализа, синтеза, потврда, интервенција (доколку е потребна) и следење, што за овие случаи е задолжително.

На крајот од ова поглавје се зборува за патот на превенција од раѓање на дете со конгенитална аномалија, постапка која има за цел редукција на зачестеноста (процентот) на конгениталните аномалии кај новородените деца. Со тоа се дава вистинска димензија на правилната постапка за добивање на здраво поколение, со потенцијал за спречување на пренос на нарушениот генетски материјал во идните поколенија. Генетското советување е претставено како пример за примарна еугеника, додека сите други методи (детекција на дефект во тек на бременста, дозвола за прекин на бременост, или лекување-оперативна или друга интервенција непосредно по раѓање) се примери за секундарна превенција, која секако дека е со помал ефект отколку примарната превенција.

Презентирани се сите четири алки во синџирот на настанување, препознавање, лекување и хабилитација по конгениталната аномалија, како завршница на сеопфатниот материјал на оваа тема. На крајот, со реченицата дека „само со ваков интегриран пристап може да се обезбедат услови за здрав почеток на животот на идните поколенија“ се потврдува уште еднаш значењето на познавањето на тератологијата и примената на сите методи за прифаќање и обработување на новородено дете со конгенитална аномалија.

Литературата е наведена по секое поглавје, што би му помогнало многу на читателот (студентот) ако сака проширување на своите знаења од соодветното поглавје или некој негов дел. Со оглед на тоа што се работи за обемен материјал, ваквото сегментирање на користената литература е од многу поголема корист за читателот, за полесно обезбедување на дополнителната литература. Бидејќи се работи за предлог за учебник, се претпоставува дека детално се прегледани сите наведени извори, информациите се сублимирани и предложениот материјал претставува компилација на повеќе цитирани книги, атласи, учебници, студии и останати видови на трудови.

Доставениот ракопис несомнено има научен, наставен пристап кон проблематиката која ја обработува и врз основа на изнесеното може да се заклучи дека се работи за обемен и квалитетен труд во кој успешно се прикажани бројни состојби и постапки кои се од интерес за едукација од областа на дисморфологијата. Совладаната содржина има потенцијал да ги подготви студентите за понатамошното изучување на клиничките дисциплини и имплементацијата на презентираните постапки со фетуси и новородени кај кои е откриена конгенитална аномалија.

Трудот е комплетно стручно оформен и дава придонес во научната и стручната литература. Досега не е објавен учебник со иста или слична содржина на Факултетот за медицински науки во Штип, ниту на другите Медицински факултети во Република Македонија. Наставната програма е интердисциплинарна и досега студентите имаа посочено повеќе извори на литература за совладување на наставната материја и дополнителни извори за проширување на знаењето, а авторизираните предавања од професорот беа поставени на е-учење. Токму затоа постоеше реална потреба од еден сеопфатен учебник за овој предмет.

Ракописот во целост ги задоволува критериумите за учебник ло изборниот предмет Фетална анатомија и малформации, работен е според Наставната програма за споменатиот предмет, а воедно ги задоволува и условите од одредбите во Правилникот за издавање на учебни помагала пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

## З А К Л У Ч О К

Врз таа основа, Рецензентската комисија го препорачува за издавање како учебник **ракописот „ФЕТАЛНА АНАТОМИЈА И КОНГЕНИТАЛНИ АНОМАЛИИ“ од авторот насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, по предметот Фетална анатомија и малформации, наменет за студентите на Општа медицина, прв циклус на студии при Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.**

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

**Проф д-р Глигор Димитров, вонреден професор с.р.**
**Проф д-р Никола Камчев, вонреден професор с.р.**